# Blueair Classic серија 400

## Упатство за користење



Пред да започнете со користење на Blueair Classic серија 400, Ве молиме внимателно да го прочитате ова упатство за користење.

Забелешка:

Може да има варијации на овие модели локално.

## Содржина:


Општо ....................................................................................................................4

Преглед на уредот ................................................................................................ 5

Прилагодување на брзината на вентилаторот (проток на воздух)........................................ 5

Информации за безбедноста ............................................................................... 6

Поставување на уредот ....................................................................................... 8

Почнување со  работа............................................................................................ 8

Контролен панел и копчиња на допир ................................................................ 8

Подесување за мобилната апликација на Blueair Friend ........................................ 10

Филтри ................................................................................................................ 11

Менување на филтрите ........................................................................................ 12

Грижа и начин на одржување ............................................................................. 13

Classic 480i / 405 технички спецификации .......................................................... 14

# Општо

## Blueair серија 400

Прочистувачите на воздух Blueair серија 400 се со вклучено Wi-Fi и се достапни во два модели. Моделите 480i имаат вградени сензори за PM2.5, VOC, температура / влажност, додека моделите 405 не се со вградени сензори.

Може да се направат прилагодувања на прочистувачите на воздухот рачно секаде и во секое време, или преку копчињата на допир кои се наоѓаат на контролниот панел под флип-ап капакот, или далечински преку мобилната апликација Blueair FriendTM.

Прочистувачот на воздух исто така може да се регулира автоматски врз основа на отчитувањата од вградените сензори (480i) за квалитетот на воздухот или со дополнителниот монитор за квалитет на надворешен воздух Blueair AwareTM (405)

За повеќе информации околу тоа како да го користите вашиот прочистувач на воздух заедно со Blueair Aware мониторот за квалитет на воздухот, погледнете го Blueair Aware прирачникот за корисникот и информациите за поддршка.

## Модел 480i



## Модел 405



# Преглед на уредот




1. Контролна табла
2. Син ЛЕД
3. Предна страна
4. Рачка
5. Влез на воздух (десна страна)
6. Излез на воздух (лева страна)
7. Задна страна
8. Филтер за честички или
9. Smokestop TM филтер
10. Кутија со опрема
    - Картичка за добредојде
    - Упатство за користење

## Прилагодување на брзината на вентилаторот ( проток на воздух )

Ве молиме погледнете ја табелата во прилог за да ги видите различните опции кои се достапни за контрола на Вашиот прочистувач на воздух.

| Опции за контрола | 480i | 405 |
|---|---|---|
| Рачна контрола преку копчињата на допир на контролната табла | Min Speed 1 / Speed 2 / Max Speed 3 | Min Speed 1 / Speed 2 / Max Speed 3 |
| Од далеку преку мобилната апликација Blueair Friend | | |
| Автоматски врз основа на отчитувањата од вградените сензори за квалитетот на воздухот. Оваа функција може да се активира или преку копчето на допир на контролната табла или преку мобилната апликација Blueair Friend. | | |
| Автоматски врз основа на отчитување за квалитет на воздухот од надворешниот монитор за квалитет на воздухот Blueair Aware. Оваа функција се активира преку мобилната апликација Blueair Friend. | | |

Максималната брзина се препорачува за брзо почетно чистење, во текот на денот или кога воздухот е многу загаден. Минималната брзина се препорачува за ноќна употреба.

# Информации за безбедност

Прочистувачите на воздух Blueair 405 и 480i се електрични апарати. Ве молиме, пред употреба да ги прочитате упатствата за безбедност и преземете ги потребните мерки на претпазливост за да го намалите ризикот од пожар, електричен шок или повреда. **Ограничената гаранција Blueair се применува само ако уредот се користи според следните инструкции**.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Укажува опасна ситуација која, ако не се избегне, може да доведе до смрт или сериозна повреда.

**ВНИМАНИЕ**: Укажува опасна ситуација која, ако не се избегне, може да доведе до мали или умерени повреди.

## Општо

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**: **За да избегнете опасност, оштетениот кабел за напојување секогаш мора да го замени производителот, сервисниот агент или друго стручно лице.**

• Користете го приземјениот кабел за струја со вашиот Blueair уред за прочистување на воздухот за да го приклучите директно во соодветен, приземјен штекер. (Погледнете ја етикетата на вашиот уред)

• Немој да го менувате приклучокот на кој било начин.

## Наменета употреба

**ВНИМАНИЕ: Надгледувајте ги децата за да се осигурате дека тие не си играат со апаратот.**

• Овој апарат не е наменет за употреба од страна на лица (вклучувајќи и деца) со намалени физички, сетилни или ментални способности, или со недоволно искуство и знаење, освен ако не им е одреден надзор или инструкции за употреба на апаратот од страна на лице одговорно за нивната безбедност.

**Предупредување**: Сите промени или модификации на овој уред,а што не се изрично одобрени од одговорната страна за усогласеност може да го поништи овластувањето кое го има корисникот да работи со опремата.

**ЗАБЕЛЕШКА**: Опремата е тестирана и се покажа дека одговара на мерките за дигитален уред од Б Класа, согласно Член 15 од Правилникот на FCC. Овие мерки се направени да обезбедат соодветна заштита од пречки кои можат да наштетат во самата инсталација. Оваа опрема генерира, користи и може да зрачи енергија од радиофреквенции и, ако не е инсталирана и употребувана во согласност со упатствата, може да предизвика штетни пречки во радио комуникациите.

Сепак, не постои гаранција дека нема да дојде до пречки во одредена инсталација. Доколку оваа опрема предизвика штетни пречки во приемот на радио или телевизија, што може да се одреди со вклучување и исклучување на опремата, корисникот треба да се обиде да ги поправи пречките со една или повеќе од следниве мерки:

- Преориентирајте ја или преместете ја антената за прием.
- Зголемете го одвојувањето помеѓу опремата и приемникот.
- Поврзете ја опремата во штекер на коло кое е различно од она на кое е поврзан приемникот.
- Консултирајте се со продавачот или некој искусен радио / ТВ техничар за помош.

Овој уред е во согласност со Член 15 од Правилникот на FCC. Работата на уредот е предмет на следниве два услови:

(1) овој уред не може да предизвика штетни пречки, и

(2) овој уред мора да ги прифати сите пречки со кои се соочува, вклучувајќи и пречки кои можат да предизвикаат несакано работење.

Овој уред е во согласност со RSS Стандардите за Лиценца за Индустрија на Канада. Работата на уредот е предмет на следниве два услови: (1) овој уред не може да предизвика пречки, и (2) овој уред мора да ги прифати сите пречки, вклучувајќи ги и пречките што може да предизвикаат несакано работење на уредот.

Оваа дигитална апаратура од Б Класа е во согласност со канадскиот ICES-003.

FCC RF Изјава за внимание од изложеност на радијација: Овој предавател мора да биде инсталиран на оддалеченост од најмалку 20 cm од сите лица.

FCC: 2AEX3-2XXZ-CC
IC: 20267-205

# Поставување на уредот

Поставете го уредот на место каде воздухот ќе може слободна да циркулира внатре, надвор и околу уредот.

Немој да го поставувате уредот поблиску од 4”(10см) од друг предмет.

Немој да го оставате уредот диркетно до или наспроти мек мебел како на пример постелнина или платно.

Немој да го поставувате уредот во близина на извор на топлина, како на пример радијатори, камини или рерни.

Немој да го поставувате уредот во близина на влажни места, како на пример купатила или соби за перење каде може да дојде во контакт со вода.

Немој да го поставувате уредот надвор.

## Почнување со работа

### Вклучете го Вашиот прочистувач на возух – 480i и 405

Следете ги упатствата во прилог за да го уклучите Вашиот прочистувач на воздух со Вашата Blueair Friend мобилна апликација. Потоа може да го вклучите далечинскиот управувач.

### Чекор 1




Приклучете го фиксниот кабел за струја во приземјен ѕиден штекер. Доколку имате уред со кабел за струја кој се вади, тогаш приклучете го кабелот цврсто и целосно во вградениот дел за кабелот за струја кој се наоѓа на дното на уредот пред да го приклучите другиот крај на кабелот за струја во приземјениот ѕиден штекер.

Отворете го флип-ап капакот и притиснете го копчето на допир за брзина на проток на воздух. Кога симболот за Wi-Fi ќе почне да трепка, прочистувачот на воздухот може да се поврзе со мобилната апликација Blueair Friend.

### Чекор 2

Превземете ја мобилната апликација Blueair Friend од продавницата со апликации (Apple App Store или Google Play) на вВшиот паметен телефон.

### Чекор 3

Поврзете го уредот со Вашата мобилна апликација Blueair Friend. Уклучете ја апликацијата и следете ги упатствата. Откако ќе го поврзете Вашиот прочистувач на воздухот со мобилната апликација Blueair Friend, можете да ја користите апликацијата за да го управувате уредот од далеку и да ги прилагодувате поставките.

## Контролна табла и копчиња на допир

Контролната табла и копчињата на допир се наоѓаат под флип-ап капакот (види Чекор 2 "Стартување на уредот"). Сивиот круг околу копчето на допир покажува дека тој не е активен. Кога уредот е вклучен, сите копчиња на допир на контролната табла (со исклучок на контрола на брзината на протокот на воздух); ќе се изгаснат после 20 секунди. Допрете ја контролната табла и копчињата за допир ќе се запалат повторно.

### Контролна табла, копчиња на допир на 405 Classic





Wi-Fi

Состојба сиво- исклучено ( нема Wi-Fi)


Состојба “ трепкање ” – нема конекција.

Wi-Fi е спремно да се вклучи


Состојба сиво и сино

Wi-Fi е конектирано


Контрола на брзината на протокот на воздух

Состојба сиво – исклучено


Состојба сино и сите линии се сиви –

кабелот за струја е вклучен.


Состојба 1 сина линија – минимална брзина


Состојба 2 сини линии – средна брзина


Состојба 3 сини линии – максимална брзина

Филтер


Состојба сиво и сино – нема потреба од менување на филтерот во моментов


Состојба портокалово –

заменете го филтерот и ресетирајте со држење 5 секунди

## Контролна табла копчиња на допир за 480i Classic




VOC индикатор

Состојба сина – од одлично до средно ниво на загадување

Состојба портокалова – од малку до високо ниво на загадување

Автоматска брзина

Состојба син круг – уредот е вклучен

Состојба син симбол – Автоматска брзина е исклучена

Состојба син симбол – Автоматска брзина е вклучена

PM 2.5

Состојба сина – од одлично до средно ниво на загадување

Состојба портокалова – од малку до високо ниво на загадување

За дополнителни информации за загадувањето и нивото на загадување погледнете ја мобилната апликација Blueair Friend.

## Подесување за мобилната апликација на Blueair Friend

Прво мора да го додадете уредот за прочистување на воздухот на мобилната апликација Blueair Friend, пред да можете да ги контролирате следниве поставувања преку апликацијата:

*Прилагодување на брзината на протокот на воздух*. Ја менува брзината на вентилаторот помеѓу брзината 1, 2 и 3.

*Прилагодете го интензитетот на LED*. Го менува интензитетот на LED за оние лампи кои што се видливи.

*Заклучување за деца*. Може да го контролирате уредот за  прочистување на воздухот преку контролната табла на уредот.

*Автоматски начин*. Автоматски ја контролира брзината на вентилаторот врз основа на читања или од вградените сензори (само модели "i"), или од надворешниот монитор за квалитет на воздухот Blueair Aware.

*Ноќна работа*. Овозможува активирање / деактивирање на одредени поставки во одредени периоди.

# Филтри

## Општи информации

Овој уред е вклучен со еден веќе инсталиран HEPASilentTM филтер.

Филтрите за честички отстрануваат:



ПМ 2.5 Прашина Полен прав од Миленици Мувла Честички

SmokestopTM филтрите ги отстрануваат сите горенаведени загадувачи, плус:



Прашински Паразити Бактерии VOC Чад Хемикалии Мириси од готвење

**ВАЖНО!** Користете само оригинални Blueair филтри за да обезбедите нормална работа на Вашиот уред и да добиете комплетна гаранција.

## Листа за проверка на филтрите

За полесно да го најдете соодветниот филтер, пополнете ги потребните податоци за потрошувачот и чувајте го ова упатство за користење за понатамошни консултации. Бројот на моделот и серискиот број на овој производ, може да ги најдете на етикетата за оценување која се наоѓа на дното на овој уред.

Број на модел........................................... Име на продавач....................................................

Серски број ........................................... Адреса на продавачот .............................................

Дата на купување .................................... Телефонски број ....................................................

## Blueair програма за филтри

Овој начин на сервис е достапен во некои земји – контактирајте го Вашиот локален Blueair продавач за да дознаете дали може да се приклучите.

## Промена на филтрите

### ВАЖНО!

Секогаш исклучете го или откачете го уредот од струја пред да ги промените филтрите, да го чистите или да правите било какви други процедури за одржување.

Чекор 1

Отворете ја задната врата.



Чекор 2

Извлечете го филтерот.



Чекор 3

Исчистето го уредот внатре

Со додатокот мека четка



Чекор 4

Вметнете го заменетиот Blueair филтер

назад во уредот.



Чекор 5

Затворете ја задната врата, приклучете го

уредот во струја и вклучете го. Уредот е спремен за употреба.



Состојба портокалова – заменетете го филтерот и ресетирајте со држење 5 секунди

## Грижа и начин на одржување

Препорачуваме редовно чистење за да го задржите вашиот уред во најдобра состојба.

### Кога ги менувате филтрите

1. Избришете ја долната страна на капакот после отстранувањето.

2. Вшмукајте ја решетката за влез на воздух од внатрешната страна со помош на мека четка и / или друг соодветен додаток.

3. Вшмукајте ги малите отвори за воздух со додатокот мека четка.

### Општо

1. Избришете ја надворешноста на уредот со мека, чиста, влажна ткаенина.

2. Никогаш немојте да чистите со бензин, хемиски растворувачи или корозивни средства бидејќи може да ја оштетат површината.

3. Не дозволувајте надворешни предмети да влезат во отворите за вентилација или издувни вентили. Ова може да предизвика електричен шок или да го оштети уредот.

4. Не се обидувајте да ги поправите или прилагодите електричните или механичките функции на вашиот Blueair уред. Контактирајте го Вашиот локален продавач или Blueair за информации за гаранцијата.

### Помош и поддршка

Доколку имате некакви прашања во врска со **Blueair Classic серијата**, Ве молиме посетете ја страницата **www.blueair.com** или контактирајте го Вашиот локален продавач на Blueair.

### Информации за гаранцијата

Ограничената гаранција на Blueair се применува само ако уредот се користел во согласност со инструкциите дадени во овој прирачник.

## Технички спецификации на Classic 480i/405*

| CADR (cfm)**: | Чад | Прашина | Полен |
|---|---|---|---|
| | 280 | 300 | 300 |

| | |
|---|---|
| Големина на собата | 434sq.ft.(40m2) |
| Промена на воздухот во еден час*** | 5 |
| Проток на воздухот (Брзина 1-2-3) | 120-200-350 cfm |
| Големина (В/Ш/Д) | 23x20x11ин.(590x500x275 мм) |
| Тежина на производот | 33lbs (15kg) |
| Потрошувачка на струја (брзина 1-2-3) **** | 15-25-90 W |
| Јачина на звук (брзина 1-2-3) | 32-42-52 dB(A) |
| Индикатор за замена на филтер | Да |
| Опција за контрола на брзина | 480i 1-2-3, без допир, паметен телефон (автоматски)<br>405 1-2-3, без допир, паметен телефон |
| Сензори за квалитет на воздухот | 480i Вградени сензори за VOC, ПМ2.5, температура и влажност<br>405 нема сензори, дополнително со Blueair Aware |
| Целиот уред може да се рециклира | |

Надворешните проблеми со мрежата кои влијаат на перформансите на производот се надвор од контролата на Blueair. Ве молиме контактирајте го вашиот интернет-провајдер за помош.

* Спецификации базирани на U.S. модели (120 VAC, 60 Hz со филтер за честички)

** CADR покажува колку се испорачува филтриран воздух (проток на воздух) од страна на прочистувачот на воздух кој работи на највисоко ниво, и колку добро системот ги отстранува загадувачите од тутун, прашина и полен од воздухот (ефикасност). Тестовите се изведуваат во согласност со ANSI / AHAM AC-1. Максималните можни CADR рејтинзи според овој стандард се: Чад од тутун: 450 cfm. / Прашина: 400 cfm. / Полен: 450 cfm.

*** Промените на воздухот на час се пресметуваат на препорачаната големина на просторијата, под претпоставка дека таваните се по 8 f. (2,4 метри). За помали простории, промените на воздухот на час ќе се зголемат.

****Достапниот електричен напон и фреквенција влијаат на потрошувачката на енергија на уредот. Затоа, потрошувачката на енергија може да биде различна од наведената вредност.

Blueair

www.blueair.com

**Blueair AB**
Danderydsgatan 11
SE-114 26 Stockholm
Sweden
Tel: +46 8 679 45 00
Fax: +46 8 679 45 45
info@blueair.se

**Blueair Inc.**
Suite 1900,
100 N LaSalle Street
Chicago, IL 60602
Tel: +1 888 258 3247
Fax: +1 312 727 1153
info@blueair.com

**Blueair India Pvt. Ltd.**
Embassy of Sweden
Nyaya Marg, Chanakyapuri
New Dehli – 110021
Tel: +91 11 4606 7121
Fax: +91 11 4606 7120
india@blueair.se

**Blueair (Shanghai) Trading Co. Ltd.**
Rm 1005 City Gateway
No. 398 North Caoxi Road
Xuhui Distr, Shanghai
Tel: +86 21 6091 0981
Fax: +86 21 6091 0989
info@blueair.cn